


# *ЕУ ВЕСТИ*

***ЕУ ЦЕНТАР***
***септември 2023 година***
***ЕУЦ-број 86/2023***

## ЕВРОБАРОМЕТАР 2023



На 11 септември 2023 година Флеш Евробарометар ги објави резултатите од истражувањето според кое дури 86% од граѓаните на ЕУ ги поддржуваат иницијативите на европско ниво преземени во текот на минатата година за да се ограничи непосредното влијание на зголемувањето на цените на енергијата врз потрошувачите и компаниите.

Според анкетата, 86% од испитаниците го поддржуваат одржливото користење на природните ресурси, 82% иницијативите за заедничко купување гас од земјите-членки на ЕУ, 81% се за градење партнерски односи на ЕУ со другите глобални актери како Велика Британија, САД, Јапонија и Австралија, а 80% се за намалување на „прекумерната комерцијална зависност“ од земји како Русија или Кина.

Иницијативата за зголемување на конкурентноста на европската индустрија за чиста технологија ја поддржуваат 80% од анкетираните, мерките на ЕУ за забрзување на дигиталната трансформација – 77%, а напорите за заштита потрошувачите и за зголемување на отпорноста на економијата се важни за 76% од испитаниците.

Во делот на безбедност, 75% испитаници се на ставот дека ЕУ треба да финансира заеднички проекти насочени кон развој на стратешките одбранбени потенцијали и технологии, 85% мислат дека Унијата треба да ја засили својата енергетска и економска безбедност, а 75% се за зајакната воена соработка меѓу земјите-членки.

Кога станува збор за идните активности што треба да ги преземе ЕУ, 86% од анкетираните сметаат дека треба да се наполнат складиштата со гас во Унијата со цел да се избегне ризикот од недостиг на енергенсот, 85% мислат дека ЕУ треба да го поттикне производството на енергија од чисти технологии во земјите-членки, а 79% дека се потребни мерки за намалување на потрошувачката на енергија.

На прашањето кои вредности ЕУ најдобро ги претставува, 53% одговориле дека тоа е „почитувањето на основните права и вредности“, 50% - „социјалната еднаквост и благосостојба“, 49% - „толеранцијата и отвореноста кон другите“, 48% „мирот“, 46% - „солидарноста со земјите во и надвор од ЕУ“, а 45% сметаат дека тоа е „заштитата на природата, климата и животната средина.

Во реакција на истражувањето, Европската комисија оцени дека тоа покажува „огромна поддршка“ меѓу Европејците за мерките што ЕУ ги презеде во текот на минатата година за заштита на потрошувачите и компаниите од нестабилноста на цените на енергијата, како и за активностите за поттикнување на енергетската безбедност и зелената транзиција.

Анкетата е спроведена во сите 27 земји-членки на ЕУ меѓу 24 и 31 август 2023 година и со неа онлајн се интервјуирани 26.514 граѓани на Унијата.

https://ec.europa.eu

### Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Евробарометар 2023 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Утврден бројот на европратеници за следниот состав на ЕП | 6 |
| Европски закон за чипови | 6 |
| Клаудија Бух нов шеф на ЕЦБ | 7 |
| Обновливи извори на енергија во ЕУ | 7 |
| Упатство за избегнување на заобиколувањето на санкциите на ЕУ | 8 |
| Нова рамка за намалување на трошоците за даночно усогласување на компаниите | 8 |
| Денови на европско наследство 2023 | 9 |
| Шпанија издвојува 12 милијарди евра за инвестиции во водата | 9 |
| Шведска се враќа на печатени учебници | 10 |
| Конвенција за заштита од насилство и вознемирување на работа | 10 |
| Раст на трошоците за работна сила и на платите во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / октомври 2023 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 11-14 септември 2023 година***

Претседателката на ЕП, Роберта Мецола ја отвори септемврискaта пленарна сесија на Европскиот парламент.

Европскиот парламент ги одобри новите мерки за подобра заштита на граѓаните кои даруваат крв, ткива или клетки или се лекуваат со овие супстанции. Извештајот за новите правила со кои се регулира употребата на таканаречените супстанции од човечко потекло (SoHO) во ЕУ, со 483 гласа.

Европскиот парламент го одобри именувањето на Илијана Иванова (Бугарија) за комесар за иновации, истражување, култура, образование и млади. За предлогот гласаа 522 европратеници. На 5 септември годинава Комитетот за индустрија, истражување и енергетика и Комитетот за култура и образование одржаа тричасовно сослушување со Илијана Иванова за да ја оценат нејзината соодветност да ја замени Марија Габриел, која поднесе оставка од функцијата еврокомесар на 15 мај за да стане вицепремиер и министер за надворешни работи на Бугарија.

Европратениците усвоија став за намалување на загадувањето на подземните и површинските води и за подобрување на стандардите за квалитет на водата на ЕУ. Усвоениот извештај со 495 гласа вклучува и построги стандарди за неколку пестициди (вклучувајќи глифосат и атразин) и фармацевтски производи.

Европскиот парламент го поддржа Зајакнувањето на европската одбранбена индустрија преку заедничкиот акт за набавки (EDIRPA). Регулативата, веќе договорена со Советот на 27 јуни 2023 година, воспоставува краткорочен инструмент за зајакнување на европската одбранбена индустрија преку заеднички набавки до 31 декември 2025 година, кои беа влошени со трансферите на одбранбени производи во Украина, на доброволен и колаборативен начин.

Европратениците гласаа за зајакнување на распоредувањето на обновливите извори на енергија, во согласност со зелениот договор и плановите REPowerEU. Ажурирањето на Директивата за обновливи извори на енергија (RED), веќе договорено меѓу европратениците и Советот, го зголемува уделот на обновливите извори во финалната потрошувачка на енергија на ЕУ на 42,5% до 2030 година. Земјите-членки треба да се стремат да постигнат 45%.

Во годишната дебата за состојбата на Европската Унија со европратениците претседателката на Европската комисија, Урсула Фон дер Лајен ја истакна работата на Комисијата во минатото и нејзините планови до изборите во јуни 2024 година. „Мора да продолжиме да се стремиме да ја направиме нашата Европа место на еднакви можности, на пристап, на просперитет - каде секој може да го достигне својот потенцијал. Мора да продолжиме да се реформираме. Секогаш треба да ги држиме грижите на луѓето во центарот на сите наши постапки“, истакна Фон дер Лајен.

Европратениците ја одобрија одлуката на Европскиот совет за зголемување на бројот на места во Европскиот парламент за следниот законодавен мандат од 705 на 720. Предлогот на Европскиот совет беше заснован на извештајот на Парламентот од јуни 2023 година, кој го започна процесот и беше поттикнат од демографските промени во ЕУ од изборите во 2019 година.

На пленарната сесија со 597 гласа беше одобрена номинацијата на Катарина Казасова за Европскиот суд на ревизори. Договорот за ЕУ дозволува секоја земја-членка да предложи свој кандидат за Европскиот суд на ревизори. Земјите-членки, по консултации со Парламентот, ги усвојуваат избраните кандидати за шестгодишен мандат.

Европратениците одобрија нов закон за зголемување на употребата на одржливи горива, како што се напредни биогорива или водород, во воздухопловниот сектор.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Воздухопловните правила RefuelEU се дел од пакетот „Fit for 55“, планот на ЕУ за намалување на емисиите на стакленички гасови за најмалку 55% до 2030 година во споредба со нивоата од 1990 година и да се осигура дека ЕУ ќе стане климатски неутрална до 2050 година. Тие се обидуваат да ги поттикнат воздухопловниот сектор да користи одржливи воздухопловни горива со цел да се намалат емисиите.

Европарламентот со 363 гласа усвија правила со кои се поставуваат построги гранични и целни вредности до 2035 година за неколку загадувачи, вклучувајќи честички (PM2,5, PM10), NO2 (азот диоксид), SO2 (сулфур диоксид) и O3 (озон). Европратениците нагласија дека стандардите за квалитет на воздухот предложени од Комисијата треба да бидат средна цел што треба да се постигне што е можно поскоро, а најдоцна до 2030 година.

Во своето обраќање на пленарната сесија, лидерката на белоруските демократски сили Светлана Циханускаја ги повика европратениците да ја поддржат европската перспектива на Белорусија и го повика Парламентот да го подигне својот однос со демократска Белорусија на ново ниво.

Во својот годишен извештај, европратениците бараат од ЕУ и Турција да го надминат сегашниот ќор-сокак и да најдат „паралелна и реална рамка“ за односите ЕУ-Турција. Доколку турската влада драстично не го промени курсот, процесот на пристапување на Турција во ЕУ не може да продолжи под сегашните околности, велат европратениците во нивниот извештај усвоен со 434 гласа.

Европарламентот ги ревидира своите внатрешни правила како одговор на наводите за корупција, врз основа на реформскиот план на претседателот од 14 точки. Измените на Деловникот на Собранието беа усвоени со 505 гласа.

Европскиот парламент даде зелено светло за почеток на преговори со Советот за реформа на пазарот на електрична енергија во ЕУ. Одлуката за отворање разговори со земјите-членки, како што беше предложена од Комитетот за индустрија, истражување и енергија во јули 2023 година, беше донесена со 366 гласа.

Европратениците повикаа на мерки на ЕУ за справување со проституцијата и политиките што ја елиминираат сиромаштијата. Извештајот за проституцијата во ЕУ, нејзините



прекугранични импликации и влијание врз родовата еднаквост и правата на жените беше усвоен со 234 гласа.

Европскиот парламент усвои три резолуции за состојбите со човековите права во Гватемала, Азербејџан и Бангладеш.

Европратениците усвоија став за зајакнување на снабдувањето со стратешки суровини, клучно за да се обезбеди транзицијата на ЕУ кон одржлива, дигитална и суверена иднина. Законот за критични суровини има за цел да ја направи ЕУ поконкурентна и автономна. Ќе ја намали бирократијата, ќе промовира иновации долж целиот синџир на вредност, ќе ги поддржи малите и средните претпријатија и ќе го поттикне истражувањето и развојот на алтернативни материјали и поеколошки методи за рударство и производство.

www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА





Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 11 септември 2023 година оствари средба со специјалниот германски пратеник за Западен Балкан, Мануел Сарацин. На средбата присуствуваше амбасадорката на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија, Н.Е. Петра Дрекслер и генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова. На средбата Џафери информираше за активностите кои како земја се преземаат во однос на обврските од членството во НАТО, за поддршката на Украина, како и актуелниот процес за пристапување кон измена на Уставот.
Средба со Мануел Сарацин оствари и претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми. На средбата се разговараше за актуелните состојби во контекст на интеграцијата во ЕУ и потребата од успешно завршување на процесот на уставни измени, кој треба да се заокружи во парламентот во наредниот период.

www.sobranie.mk



На 12 септември 2023 година, Џафери оствари средба со претседателот на Комисијата за надворешна политика во германскиот Бундестаг, Михаел Рот. Интензивираната парламентарна соработка со Германскиот Бундестаг во области од заемен интерес и посетите на сите парламентарни нивоа особено во изминатите години, сè уште еден показател за не смалениот интерес на Германија за унапредување на реформските процеси на домашен план и за јасната европска перспектива на целиот регион на Западен Балкан, истакна Џафери на средбата.



На 19 септември 2023 година Џафери оствари средба со претседателот на Комисијата за европски прашања од данскиот Парламент, Нилс Флеминг Хансен, како и со членовите на делегацијата. На средбата Џафери ги нагласи досегашните добри и пријателски односи меѓу двете земји и ја истакна потребата од интензивирање на заемната политичка комуникација на секое ниво.
Средба со делегацијата од Комисијата за европски прашања од данскиот Парламент остварија и членовите на КЕП и Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Данска.



На маргините на Европската конференција на претседатели на парламенти која се одржа на 28 и 29 септември 2023 година, Џафери оствари средба со Лауир Хусар, претседателот на Парламентот на Естонија, на која ја поздрави иницијативата за потпишување на Меморандум за соработка меѓу двете држави во делот на дигиталната трансформација на општеството.
Џафери имаше свое обраќање на конференцијата на тема: „Последиците од руската агресивна војна против Украина и улогата на националните парламенти во обновата на

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Средба на Националниот совет за евроинтеграции со учесниците на Форумот за културна дипломатија „Скопје 2023“ се одржа на 6 септември 2023 година во Собранието на Република Северна Македонија. Тема на Форумот беше: „Промовирање на меѓународната соработка, културно разбирање и мир преку културна дипломатија“.



На Форумот, кој е во организација на Канцеларијата на поранешниот претседател на државата Ѓорѓе Иванов и Меѓународниот институт и Академија за културна дипломатија, учествуваа поранешни претседатели и премиери на држави, актуелни и поранешни министри, пратеници и европратеници.





Претседателот и членовите на Комисијата за европски прашања на 7 септември 2023 година во Собранието оствариjа средба со Лилиана Танги и Пјер Анри Димон, пратеници од Комисијата за европски прашања на францускoто Собрание. На средбата присуствуваше и амбасадорот на Француската Република во државата, Сирил Бомгартнер. Претседателот на Комисијата Арбер Адеми, во своето воведно обраќање истакна дека ги цени напорите на Република Франција да обезбеди европска перспектива за земјите од регионот и француската посветеност за европската перспектива на нашата земја.

Средба со делегацијата оствари и членовите на Националниот совет за евроинтеграции. Потпретседателката на НСЕИ, Соња Мираковска искажа благодарност за ангажманот и активниот придонес на Француската Република кон процесот на пристапување на нашата држава кон ЕУ и укажа дека Собранието презема реформски процеси за исполнување на домашните задачи за зачленување во Унијата.




На 17 и 18 септември 2023 година во рамките на Шпанското претседателство со Европската Унија, претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Северна Македонија, Арбер Адеми, учествуваше на Конференција на претседателите на парламентарните комисии за европски прашања на земјите-членки на ЕУ - КОСАК, што се одржа во Мадрид, Кралството Шпанија.




Генералната секретарка на Собранието на Република Северна Македонија, Цветанка Иванова, учествуваше на Состанокот на генералните секретари што се одржа во рамките на Европската конференција на претседатели на парламенти (28-29 септември 2023). Главна тема на дискусија на состанокот беше: Стандардите во јавниот живот, рамка за интегритет во парламентите. Во рамките на темата, генералните секретари дискутираа и разменија мислења за постојната ситуација во нивните парламенти и етичките стандарди кои треба да се почитуваат од страна на парламентарците и службата при нивната работа.

## УТВРДЕН БРОЈОТ НА ЕВРОПРАТЕНИЦИ ЗА СЛЕДНИОТ СОСТАВ НА ЕП




Европскиот совет на 22 септември 2023 година донесе одлука за бројот на пратеници до секоја земја-членка на ЕУ кои треба да бидат избрани во Европскиот парламент за парламентарниот состав од 2024 до 2029 година.
Согласно со оваа одлука, како што соопшти Европскиот совет, во следниот Европарламент ќе има 720 пратеници при што двајца европратеници повеќе од досега ќе имаат Франција, Холандија и Шпанија, а по еден плус ќе добијат Австрија, Белгија, Данска, Ирска, Летонија, Полска, Словачка, Словенија и Финска.
Измените на бројот на европратеници се вршат врз основа на демографските промени во земјите-членки на ЕУ во споредба со периодот од пред последните избори за европратеници.
Според Договорот за Европската Унија, бројот на пратеници во Европскиот парламент не може да надмине 750 плус неговиот претседател, се предвидува застапеноста да биде дегресивно пропорционална, со најмалку шест европратеници од секоја земја, но притоа максималниот број на членови од една членка да не може да биде поголем од 96.
Со денешната одлука Советот на ЕУ распоредот на бројот на европратеници од секоја земја-членка за парламентарниот состав 2024-2029 година ќе биде следниот:
Изборите за составот на Европскиот парламент за периодот 2024-2029 година ќе се одржат во јуни следната година.

www.europarl.europa.eu

## ЕВРОПСКИ ЗАКОН ЗА ЧИПОВИ



На 20 септември 2023 година стапи во сила Европскиот закон за чипови, кој воспоставува сеопфатен сет на мерки чија цел е да се гарантираат безбедноста на снабдувањето, прилагодливоста и технолошкото лидерство на ЕУ во секторот на технологиите и апликациите за полупроводници.
Полупроводниците се основните составни елементи на дигиталните и дигитализираните уреди. Од паметни телефони и автомобили, преку апликации и опрема за здравството, енергијата, одбраната, комуникациите и индустриската автоматизација, полупроводниците се срцта на модерната дигитална економија. Европската комисија очекува Законот за чипови да го зголеми нивното производство во Унијата, да стимулира создавање Европски дизајниран екосистем и да го поттикне зголемувањето на иновациите. Преку Европскиот закон за чипови, Европската Унија има за цел да ја постигне својата цел за двојно зголемување на сегашниот удел на глобалниот пазар на 20% до 2030 година, се додава во соопштението.
Трите основни цели на Законот се зајакнување на европското технолошко лидерство во овој сектор, поттикнување на јавните и приватните инвестиции во капацитети за производство на чипови и воспоставување на механизам за координација и следење на понудата, побарувачката и предвидување на недостиг во снабдувањето со полупроводници.
Изработката на заедничката европска стратегија за секторот за производство на чипови ја најави претседателката на Еврокомисијата, Урсула фон дер Лајен во нејзиниот говор за „Состојбата на Унијата" пред европратениците во 2021 година. Лани во февруари 2022 година, Комисијата го објави предлог-текстот на Европскиот закон за чипови, кој беше усогласен меѓу Европскиот парламент и Советот на ЕУ, односно земјите-членки, во април годинава.

https://ec.europa.eu

## КЛАУДИЈА БУХ НОВ ШЕФ НА ЕЦБ




Комитетот за економски и монетарни прашања на Европскиот парламент на 20 септември 2023 година ја поддржа номинацијата на вицегувернерката на германската централна Бундесбанка, Клаудија Бух за нов претседател на Надзорниот одбор со Европската централна банка (ЕЦБ).
На тајното гласање на членовите на Комитетот, Бух доби 29 гласа, а нејзината противкандидатка, вицегувернерката на Банката на Шпанија, Маргарита Делгадо – 23. Двајца членови на Комитетот се воздржаа од гласање.
Комитетот првично беше повеќе наклонет за избор на Делгадо сметајќи дека е „поискусна и построга“ и посоодветен кандидат од Бух, но поддршката на ЕЦБ и на големите политички групации во ЕП за Германката, резултираше со исходот на гласањето.
Евентуалниот избор на Бух, ќе ги зголеми шансите на сонародничката на Делгадо, шпанската прва вицепремиерка и министерка за економски прашања и дигитална трансформација Надија Калвињо во трката за нов претседател на Европската инвестициска банка (ЕИБ).
Главен противкандидат на Калвињо за шефица на ЕИБ е еврокомесарката за конкурентност Маргрете Вестагер, која на почетокот на месецов својата функција во Европската комисија ја стави во мирување, додека трае постапката за избор на прв човек на Банката.

www.europarl.europa.eu

## ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ВО ЕУ



На 12 септември 2023 година, Европскиот парламент го даде своето конечно одобрување за правно обврзувачките цели за побрзо проширување на обновливите извори на енергија оваа деценија, што е централен дел од плановите на Европа да ги спречи климатските промени и да се оддалечи од фосилните горива. Законот значително ги подигнува целите на ЕУ за обновлива енергија, барајќи 42,5% од енергијата на ЕУ да биде обновлива до 2030 година.
Уделот на обновливите извори во енергетскиот микс на ЕУ во моментов изнесува 22,1%, според статистиката на ЕУ, што значи приближно двојно зголемување на тој удел до 2030 година - главно со дополнителен капацитет на ветер и сончева енергија. Ревидираната директива додава цели за обновлива енергија за зградите и бара побрзи процеси за издавање дозволи за проекти од ветер и сончева енергија со воведување на наменски „области за забрзување“ за обновливи извори.
Според новата директива, националните власти ќе имаат рок од 12 месеци да ги одобрат или отфрлат новите соларни и ветерни електрани, доколку се наоѓаат во „област за забрзување“ на обновливи извори. Надвор од нив, процесот не треба да надминува 24 месеци.
Дополнително, според принципот „Позитивна тишина“, инвестициите во обновливите извори на енергија ќе се сметаат за одобрени во отсуство на административна повратна информација.

https://www.euractiv.com

## УПАТСТВО ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ЗАОБИКОЛУВАЊЕТО НА САНКЦИИТЕ НА ЕУ




Европската комисија на 22 септември 2023 година објави упатство наменето за правните субјекти во ЕУ, кое треба да им помогне да ги идентификуваат, проценат и сфатат можните ризици од заобиколувањето на воведените санкциите и како да го избегнат тоа.
Оваа упатство има за цел да обезбеди општ преглед на она што треба да го прават операторите кога вршат длабинска анализа во нивната работа, како што бара правото на ЕУ. Според правото на ЕУ, операторите од ЕУ имаат обврска да вршат длабинска анализа при тргување со трети земји за да се осигураат дека нивните деловни партнери не ги заобиколуваат санкциите на Унијата, се наведува во соопштението на Еврокомисијата.
Упатството е замислено како практичен водич кој ги наведува чекорите што треба да ги применуваат компаниите при спроведување на стратешките проценки на ризик, со цел колку што е можно да ја ублажат нивната изложеност на шеми за заобиколување на санкциите. Упатството содржи и листа на индикатори кои се дизајнирани со цел да ги предупредат европските компании за можни ризици кога стапуваат во комерцијални односи со нов трговски партнер.
Во врска со објавеното упатство, еврокомесарот за финансиски услуги и стабилност и за пазарот на капитал Мејрид Мекгинис потенцира дека санкциите на ЕУ имаат вистинско влијание врз руската способност за водење на војната, па затоа Русија „очајно бара начини да ги заобиколи“.
Ова практично упатство ќе им помогне на извозниците од ЕУ да ги забележат „црвените знамиња“ и да го намалат ризикот од избегнување на санкциите, изјави Мекгинис, додавајќи дека поддршката на ЕУ за Украина е постојана.

https://finance.ec.europa.eu

## НОВА РАМКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ДАНОЧНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ




Европската комисија на 12 септември 2023 година усвои нова рамка за оданочување на големите корпорации на ниво на ЕУ, наречена „Бизнис во Европа: Рамка за оданочување на приход“ (БЕФИТ) со која, како што најави претседателката на ЕК, Урсула фон дер Лајен уште минатата година, треба да се воспостави единствен систем на „даночни правила за водење бизнис во Европа“. Рамката претставува клучен пакет на иницијативи за намалување на трошоците за даночно усогласување за големите бизниси во Европската Унија, преку единствен сет на правила за одредување на даночната основа на компаниите.
Новите правила ќе бидат задолжителни за корпорациите кои работат во ЕУ со годишен вкупен приход од најмалку 750 милиони евра и во кои компанијата - мајка поседува најмалку 75% од сопственичките права или од правата на добивка. На помалите групации им се дава можност да бираат дали ќе се усогласат со правилата, што може да биде од особен интерес за малите и средни претпријатија. Пакетот вклучува и предлог кој има за цел усогласување на правилата за трошоците на трансакциите меѓу компаниите кои се дел од истата групација. Според сегашните меѓународни стандарди, овие трансакции се третираа исто како и трансакции меѓу неповрзани компании, а со предложените правила посебно ќе се регулираат комерцијалните или финансиските односи меѓу фирмите од иста групација.
Доколку предлозите бидат усвоени од Советот на ЕУ, БЕФИТ треба да стапи во сила на 1 јули 2028 година, правилата за трансферот на цени од 1 јануари 2026 година.

https://ec.europa.eu

## ДЕНОВИ НА ЕВРОПСКО НАСЛЕДСТВО 2023




Под мотото „Живо наследство“ од 1 септември 2023 година во наредните три месеци ќе се одбележуваат Деновите на европското наследство во 2023 година, со организирање на десетици илјади настани во 48 земји. Заеднички организирани од Комисијата и Советот на Европа, Деновите на европското наследство се можност граѓаните да научат повеќе за богатата и разновидна култура на Европа и да ја промовираат заштитата на нашето заедничко наследство за сегашните и идните генерации, соопшти Европската комисија.
Целта на манифестацијата е да се покаже живописноста, различноста и значењето на културните традиции, знаења и вештини во Европа, преку одржување на културни настани, изложби, уметнички перформанси, интерактивни работилници, предавања и туристички тури.
Во рамки на иницијативата ќе се спроведуваат и европски проекти за прекугранична соработка, со цел да се поттикне соработката меѓу различни локалитети кои се дел од културното наследство.
Деновите на европското наследство остануваат посветени на славење и заштита на богатиот културен мозаик на Европа.
Одбележувањето на Деновите на европското наследство започна во 1985 година на иницијатива на Советот на Европа со цел да ја поттикнат културна разновидност, дијалогот и зачувување на наследството. Од 1999 година тие се организираат заеднички од Европската комисија и Советот на Европа, како доказ за богатството на европското културно наследство, истовремено поттикнувајќи дијалог, инклузивност и прекугранични активности. Во одбележувањето на Деновите на европското наследство во 2022 година учествуваа околу 20 милиони луѓе.

https://www.europeanheritagedays.com/

## ШПАНИЈА ИЗДВОЈУВА 12 МИЛИЈАРДИ ЕВРА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ВОДАТА



Шпанија ќе потроши околу 12 милијарди евра до 2027 година за да го поправи хроничниот недостиг на вода предизвикан од глобалното затоплување, со развој на отсолување на морската вода и повторна употреба на отпадните води.
Вкупниот износ ги комбинира парите веќе наменети како дел од плановите изгласани во последните месеци кои влијаат на различните хидролошки басени во земјата. Вклучува и мерки донесени поради сушата со која се соочува земјата веќе две години.
Климатските вонредни ситуации предизвикуваат се почести и поинтензивни суши, а Шпанија е во ситуација на поголема ранливост од другите земји-членки на Европската Унија (ЕУ), се наведува во заедничкото соопштение на министерствата за еколошка транзиција и за земјоделство.
Според Владата, овие пари ќе бидат наменети главно за развој на инфраструктура за отсолување и повторна употреба на отпадните води, но и за подобрување на цевководниот систем со цел да се намалат загубите.
Дел од парите се наменети за поттикнување на развојот на нови технологии и вештачка интелигенција во управувањето со водите.
Шпанија од 2021 година минува низ период на исклучителна суша, а обилните дождови кои паднаа не успеаја да ја подобрат состојбата.
Според владините податоци, 27,4% од територијата на Шпанија е во состојба на готовност поради недостиг на вода.

https://www.reuters.com

## ШВЕДСКА СЕ ВРАЌА НА ПЕЧАТЕНИ УЧЕБНИЦИ



Враќањето на традиционалните методи на учење е одговор на загриженоста на политичарите и експертите дали хипер-дигиталниот пристап во образованието во земјата - која воведува таблети уште во градинка - доведе до пад на основните вештини.
Шведската министерка за образование, Лота Едхолм, која ја презеде функцијата пред 11 месеци како дел од новата коалициска влада беше еден од најголемите критичари на целосното прифаќање на технологијата.
Министерката минатиот месец најави дека Владата сака да ја поништи одлуката на Националната агенција за образование со која дигиталните уреди се задолжителни во градинките. Планира да оди чекор понатаму и целосно да го укине дигиталното образование за деца на возраст под шест години, соопшти Министерството. Иако учениците од оваа земја се над европскиот просек за способност за читање, меѓународната проценка за нивото на читање на четвртоодделенците укажува на пад на способноста на децата во Шведска меѓу 2016 и 2021 година.
Во извештајот објавен минатиот месец, УНЕСКО објави „итен повик за соодветна употреба на технологијата во образованието“. Извештајот бара од земјите да ги забрзаат интернет-врските во училиштата, но истовремено предупредува дека технологијата во образованието треба да се имплементира така што никогаш да не ја замени наставата лице в лице предводена од наставник и да поддржува квалитетно образование за сите.
За борба против падот на вештините за читање, шведските власти најавија инвестиција од околу 685 милиони круни (60 милиони евра) за купување книги за училиштата оваа година. Ќе се инвестираат уште 500 милиони во 2024 и 2025 година за да се забрза враќањето на учебниците во училиштата.

https://www.smh.com.au

## КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО И ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТА




Советот на ЕУ на 18 септември 2023 година усвои одлука со која се повикуваат земјите членки на Унијата да ја ратификуваат Конвенцијата за насилство и вознемирување, усвоена од Меѓународната организација на трудот.
Оваа одлука на Советот го отвора патот земјите членки да ја ратификуваат Конвенцијата. Нашата заложба за вистинска и ефективна еднаквост и недискриминација е недвосмислена и ѝ овозможува на ЕУ да ги спроведе политиките за заштита и еднакви права на мажите и жените, изјави шпанската министерка за труд и социјална економија Јоланда Диаз Перез.
Според Европскиот совет, насилството и вознемирувањето на работното место е широко распространета и постојана појава низ целиот свет, при што повеќе од едно од пет лица доживеале насилство или вознемирување на работа, без разлика дали тоа е физичко, психичко или сексуално, при што жените се особено изложени на ризик.
Конвенцијата за насилство и вознемирување е првиот меѓународен инструмент кој ги утврдува минималните стандарди за справување со вознемирувањето и насилството поврзано со работата. Оваа Конвенција ќе помогне да се промовираат пристојна работа за сите, заштита на здравјето и безбедноста при работа и родовата еднаквост и ќе помогне во борбата против дискриминацијата, додава Советот на ЕУ.
Со оваа одлука, земјите членки се повикуваат да ги ратификуваат деловите од Конвенцијата кои конкретно се однесуваат на подобрување на работната средина за заштита на здравјето и безбедноста на работниците и еднаквоста меѓу мажите и жените во однос на вработувањето.

https://www.consilium.europa.eu

## РАСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТНА СИЛА И НА ПЛАТИТЕ ВО ЕУ

Трошоците за работна сила по час во вториот квартал годинава во Еврозоната бележат раст од 4,5%, а на ниво на цела ЕУ од 5%, соопшти Европската статистичка агенција – Евростат. Во исто време, платите по работен час во Еврозоната се зголемиле за 4,6% во споредба со вториот лански квартал, а во цела ЕУ за 5,1%.

Растот на трошоците за работна сила по час во Еврозоната во секторот „услуги“ на годишно ниво изнесувал 4,8%, во „јавниот сектор“ 4,4%, во „градежништвото“ 4,2%, а во секторот „индустрија“ од 3,9%. На ниво на цела ЕУ, пак, годишниот раст на трошоците за работна сила по час во секторот „услуги“ бил 5,2%, во „градежништвото“ 4,8%, а во „јавниот сектор“ и во „индустријата“ од по 4,7%. Најголем годишен раст на платите по работен час во периодот април-јуни 2023 година имало во Унгарија од 17,3%, пред Словенија и Хрватска со по 14,5%, Романија 14,4% и Бугарија од 14,2%. Раст од над 10% е регистриран и во Полска од 13,3%, во Естонија од 13,1%, Литванија 12,4% и Летонија од 12,3%. Од друга страна, најмал раст на платите по работен час има на Малта од 2,1%, пред Италија од 2,4%, Данска од 2,7%, Португалија од 3,3%, Шведска од 3,5%, Германија од 3,8% и Франција од 4,4%.

https://ec.europa.eu/eurostat




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО СЕПТЕМВРИ 2023

1. *Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка -
2. *Закон за данокот за солидарност, по скратена постапка –
3. *Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот за додадена вредност, по скратена постапка –
4. *Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка –
5. *Закон за адвокатурата,
6. *Закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија.

***ЕУ КАЛЕНДАР / октомври 2023***

1. *Состанок на Советот за надворешни работи, 23/10/2023, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за општи работи, 24/10/2023, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 2-5/10/2023, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




